**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-453

27.12. **2021 година**

**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 55 став 5 од истиот Закон, точките 25, 26 и 29 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи арх.бр.01-6700/1 од 30.12.2014 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4297/1 од 25.11.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-4602/7 од 24.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, заради извршена повреда на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што во забавно-документарната програма „Да готвиме со Г-ѓа Тефта“ (Të gatuajmë me Zonjën Tefta) емитувана на 10-ти ноември 2021 година, на локално ниво, во рамките на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, беа пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4297/1 од 25.11.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на

почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 став 5 од ЗАВМУ пропишува дека во програмите кои содржат пласирање на производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање на производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите.

Со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи донесено од страна на Агенцијата, арх.бр.01-6700/1 од 30.12.2014 г. („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14), подетално се пропишува начинот на примена на одредбите за пласирање производи и се даваат подетални насоки на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги за примена на одредбите за пласирањето производи.

Во точка 25 од Упатството е наведено дека со цел да се избегне забуна кај гледачите, програмите кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата (доколку програмата се прекинува со паузи за рекламирање).

Согласно точка 26 од Упатството, ТВ програмите кои содржат пласирање производи се означуваат со истакнување лого и текст на ТВ екранот, на следниот начин: логото треба да се истакне на кој било дел од екранот и да биде лесно забележливо за гледачите; секое појавување на логото мора да е проследено со текст; секое појавување на логото и на текстот на екранот треба да трае најмалку 10 секунди. Во оваа точка е пропишан и изгледот на логото и содржината на текстот што треба да биде истакнат на ТВ екранот.

Во точка 29 од Упатството е пропишано дека доколку давателот на аудиовизуелна медиумска услуга емитува странска програма во која се пласирани производи, но тоа не е означено, заради заштита на своите корисници е должен да ги означи пласираните производи, без оглед што нема финансиски интерес од него.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 10-ти ноември 2021 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 55 став 5 од ЗАВМУ. Имено, со надзорот констатирано е дека во програмата „Да готвиме со Г-ѓа Тефта" (Të gatuajmë me Zonjën Tefta), по жанр забавно-документарна програма (кулинарство), емитувана на 10-ти ноември 2021 година, во рамките на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, не е јасно означено дека содржи пласирање производи.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4297/1 од 25.11.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар на 29.11.2021 г., испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-4297/2 од 29.11.2021 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4297/1 од 25.11.2021 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на 38-та седница одржана на 24.12.2021 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 став 5 од истиот Закон, точките 25, 26 и 29 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4297/1 од 25.11.2021 г. и

Заклучокот арх.бр.02-4602/7 од 24.12.2021 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 38-та седница одржана на 24.12.2021 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4297/1 од 25.11.2021 г.

**Доставено до:**

- ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Управителот на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 10 ноември 2021 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*став 5 - во програмите кои содржат пласирање производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите*).

Во програмата „Да готвиме со г-ѓа Тефта" (Të gatuajmë me Zonjën Tefta), по жанр - забавно-документарна програма (*кулинарство*), емитувана на 10 ноември 2021 година, не е јасно означено дека содржи пласирање производи.

- Во точка 25 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи е наведено дека со цел да се избегне забуна кај гледачите, програмите кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата, доколку таа се прекинува со паузи за рекламирање.
- Во точка 26 е наведено дека ТВ програмите кои содржат пласирање производи се означуваат со истакнување лого (PP) и текст на ТВ екранот.
- Во точка 29 од Упатството е јасно потенцирано дека доколку давателот на аудиовизуелна медиумска услуга емитува странска програма во која се пласирани производи, но тоа не е означено, заради заштита на своите корисници е должен да ги означи пласираните производи, без оглед што нема финансиски интерес од него.

10.11.2021 г.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Да готвиме со г-ѓа Тефта" (Të gatuajmë me Zonjën Tefta) забавно-документарна програма | 08:59:12 | 09:54:14 |
| **Опис на прекршувањето:** Не е јасно означено дека програмата содржи пласирање производи. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во забавно-документарната програма „Да готвиме со Г-ѓа Тефта" (Të gatuajmë me Zonjën Tefta) емитувана на 10 ноември 2021 година, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, беа пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи.

9. Предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението за преземање мерка јавна опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*